Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Економски факултет - Скопје

Бр. 02-273/9 Дата. 16.02 2023 година

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.С.Македонија бр.82/18 и 178/21) и член 70 од Статутот на Економскиот факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр.444/2019 и 526/2020), Наставно – научниот совет, на седницата одржана на ден 14. 2. 2023 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

Се утврдува Политика за квалитет врз основа на која ќе се темели, гради, развива и реализира работењето на Економскиот факултет – Скопје, како единица во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје е посветен на обезбедување највисок квалитет во областа на високото образование. Оваа посветеност е содржана и во стартегискиот план на Економскиот факултет – Скопје.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје се обврзува да ги реализира следните цели, правила и принципи:

1. Обезбедување на висок и постојан квалитет во промоција и спроведување на студиските програми од областа на образованието во рамките на трите циклуси на образование во Република Северна Македонија која ги задоволува потребите и очекувањата на студентите и на државата;
2. Подготовка на студиските програми преку вклучување на професионалните комори и деловната заедница, со цел обезбедување на квалитетно образование, како и заради зголемување на нивната доверба кон Економскиот факултет – Скопје и континуирано подобрување на имиџот на институцијата;
3. Континуирано унапредување на квалитетот на наставата, студирањето и студентскиот стандард;
4. Развивање на европската димензија во високото образование во развојот на студиските програми, меѓуинституционалната соработка на ниво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, соработка на национално, регионално и на интернационално ниво, мобилност на академскиот кадар и студентите;
5. Зголемување на транспарентноста во работењето со унапредување на достапноста на информациите за сите заинтересирани страни;
6. Развивање на институцијата, користејќи го знаењето и искуството на вработените, препознавајќи го нивниот придонес, како и обезедување на опкружување во кое тие се мотивирани за остварување на сите свои можности;
7. Континуирано спроведување на стручното оспособување на квалитетот на вработените на сите нивоа, водење грижа за подобрување на условите за работа, опремата и знаењето на вработените, како и заштита на животната средина;
8. Воспоставување на електронски систем за управување со работните процеси и документи со респектирање на меѓународни стандарди на квалитет;
9. Идентификација и соодветно управување со сите ризици во работните процеси на Економскиот факултет - Скопје;
10. Респектирање на барањата кои ги побаруваат стандардите за квалитет.

За реализација на поставените цели, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, ќе презема активности за:

1. Подобрување на квалитетот и со тоа компетентноста на наставно-нучниот кадар - особено на подмладокот, преку нивно континуирано образование и вклучување во научноистражувачки проекти и меѓународни развојни програми;

2. Поврзување со истакнати странски истражувачко-развојни институции за размена на искуства и стекнување нови знаења;

3. Вклучување во програми и проекти за мобилност на студентите и академскиот кадар;

4. Обезбедување кадровска поддршка;

5. Обезбедување на потребната инфраструктура (простор и опрема) за квалитетно изведување на активностите;

6. Континуирана соработка со стопанството;

7. Перманентно следење, преиспитување и унапредување на поставените цели.

Оваа одлука е во согласност со Политиката за квалитет која е утврдена од страна на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Перманентното следење, преиспитување и унапредување на поставените цели во рамките на Политката за квалитет, ќе го следи тело кое е составено од страна на деканот, продеканите и раководителите на катедрите. Во работата на телото, на негово барање може на седниците кои ќе ги организира телото, да присуствуваат и други вработени лица.

Врз основа на годишниот извештај за работата на Економскиот факултет – Скопје, телото задолжено за следење на Политиката за квалитет, ќе одржи седница од која треба да прозилезе Извештај во кој ќе биде даден приказ на остварените цели и препораки за нивно понатамошно унапредување. Овој Извештај се доставува за разгледување до Наставно научниот совет.

Оваа одлука може да се изменува и дополнува со одлука на Наставно – научниот совет.

Оваа одлука да се објави на веб страната на Факултетот.

Оваа одлука да се достави до: Секретар, архивата, досие на предмет.

**Д Е К А Н**

---------------------------------

**Проф. д-р Предраг Трпески**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Изработил:Д.К